Бр./Nr 12-959/2

16-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-959/1 од 10.02.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-959/1 од 10.02.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 10.02.2020 година, доставена е пријава против --------------------------------, директор на --------------------------------------------, поради сомневање за незаконитости при вработување. Имено, во декември 2019 објавен е оглас за вработување на неколку позиции меѓу кои и шивач. Подносителот доставил пријава со потребни докази, но не бил избран и покрај долготрајното ангажирање од театарот за истите услуги.

По разгледувањето на наводите и доставените документи од страна на подносителот (одлука за одбивање, приговор до УО на театарот, договори за дело од 2015-2020) видно е дека подносителот не ги искористил правните лекови што ги има на располагање согласно закон.

ДКСК констатира дека конкретниот случај е еден од бројните пријави и предмети за кои ДКСК нема механизми да побара повторување на процесот или преиспитување на одлуката, бидејќи донесената одлука се должи на искористување на дискреционото право на одговорното лице на институцијата, што не е спротивно на закон.

Поради горенаведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**